Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 април 2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Подземна експлоатација“ на Факултет за природни и технички науки при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Подземна експлоатација“ на Факултет за природни и технички науки при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По добивање на Решение за акредитација на студиската програма „Подземна експлоатација“, од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за природни и технички науки при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, бр.08-554/4 од 21.10.2022 година од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се обрати со Барање бр.0809-734/2 од 11.11.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-1155/1 од 21.11.2022 година за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Подземна експлоатација“ на Факултет за природни и технички науки при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-1155/2 од 22.11.2022 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 24.11.2022 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-1155/3 од 29.11.2022 година, во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Подземна експлоатација“ на Факултет за природни и технички науки при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10 и бр.168/10).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 41-1840/5
5 април 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија

dr. Artan Grubi

Подготвил: Тања Поповска, самостоен референт
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Снежана М. Пендовски, државен советник
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата